**А.Д. РАДЕ КОНЧАР – АПАРАТНА ТЕХНИКА**
Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема
Скопје – Македонија

**СОБРАНИЕ НА АД**

ПРЕДЛОГ

**Т. 3**

Врз основа на чл. 383 став 1 точка 2 а во врска со чл.479 став 1 од Законот за трговски друштва и чл. 60, а во врска со чл. 79 став 1 од Статутот на Акционерското друштво Раде Кончар – Апаратна Техника – Скопје, како и врз основа на Одлуката на Собранието на акционери од 20.08.2018 година, заведена под бр.0201-75 од 21.08.2018 год, Собранието на Акционерското друштво на седницата одржана на ден 21.11. 2018 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување на ревидираните финансиски извештаи за деловната 2017 година**

1. Се усвојуваат финансиски извештаи на АД Раде Кончар – Апаратна Техника – Скопје за годината што завршува на 31 декември 2017 година, изготвени согласно Меѓународните сметководствени стандарди и ревидирани од страна на ревизорското друштво **ТП Ранѓеловиќ** од Скопје, заедно со Мислењето од ревизорот.

2. Ревидираните Финансиски извештаи за деловната 2017 година, заедно со Мислењето од ревизорот, претставуваат составен дел на оваа Одлука.

3. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е:**

Согласно Одлуката на Собранието на акционери на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје, бр. 0201-75 од 21.08.2018 година донесена на презакажаното редовно годишно Собрание на акционери од 20.08.2018 година, Одборот на директори беше овластен да изврши корекција на годишната сметка и финансиските извештаи за 2017 година со цел да износот од 189.662.518,00 денари, добиен по правосилна Пресуда на Апелациониот суд-Скопје ТСЖ бр.1736/17 од 07.12.2017 година и Пресудата на Врховниот суд на РМ Рев1 бр.51/2018 од 21.06.2018 година, се прикаже како приход во деловната 2017 година, па согласно законските прописи и Меѓународните сметководствени

стандарди се утврди добивката, нејзината распределба согласно Законот и Статутот како и исплатата на дивиденда со утврдување на износот на дивиденда по акција и дивиденден календар и сето тоа да биде потврдено од овластен ревизор.
Постапувајќи по наведената Одлука од Собранието на акционери, Одборот на директори на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје, спроведе корективни ставови во поглед на годишната сметка и финансиските извешаи за 2017 година и изврши повторно изготвување и одобрување на годишната сметка и финансиските извештаи за 2017 година, кои ги достави до овластениот ревизор за да истиот спроведе ревизија и даде ревизорско мислење. Овластениот ревизор спроведе ревизија на финансиските извештаи за 2017 година и даде ревизорско мислење, кое заедно со финансиските извештаи е составен дел на оваа Одлука.

Врз основа на наведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**СОБРАНИЕ НА АД**
**Претседавач**